На 20 ноември 2012 година, во хотелот „Турист" во Крива Паланка се одржа шестата тнр. последователна форумска сесија. На сесија присуствуваа вкупно 105 граѓани.



Покрај прегледот на целокупниот форумски процес по фази на сесии и изработка на проекти, од страна на локалната самоуправа беа презентирани резултатите од реализираниот проект-Реконструкција на дел од главната градска улица „Свети Јоаким Осоговски“ на локалитетот „Стара чаршија“. Со инфраструктурното уредување на оваа делница во централното градско подрачје подобрен е квалитетот на живот на граѓаните на Крива Паланка, така што се создадени услови за безбедност во сообраќајот, поефикасно одржување и амбиентално уредување на стариот дел од градот. Во проектот се вложени вкупно 4.100.755 денари од кои 1.400 000 се обезбедени од Швајцарската агенција за развој и соработка, 2.327.959 се општински средства, а носителот и партнерот ЈП „Комуналец“ заедно имаат инвестирано уште 372.796 денари.

